Ирена Цветковиќ

# ЕВАЛУАЦИЈА

## НА НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА ДРОГИ 2021-2025 И АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА ДРОГИ 2021- 2023 НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Скопје, јануари 2024

**Издавач:**
Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје

**За издавачот:**
Хајди Штерјова Симоновиќ, Извршна директорка, Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје

**Наслов:**
Евалуација на Националната стратегија за дроги на Република Македонија 2014–2020 година

**Автор:**
м-р Ирена Цветковиќ

**Лектура:**
Весна Костоска

**Дизајн:**
Пеѓа Радојевиќ

**Цитирајте ја оваа публикација на следниов начин:**
Цветковиќ Ирена. Евалуација на Националната стратегија за дроги  2021-2025 и Акцискиот план за дроги 2021-2023 на Република Северна Македонија , Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје, 2020 година



# ПРИЗНАНИЕ

Оваа евалуација е изготвена со поддршка на регионалниот проект СМАРТ Балкан – Граѓанско општество за поврзан Западен Балкан, кој е имплементиран од Центарот за промоција на граѓанското општество ( Centar za promociju civilnog društva – CPCD), од Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП) и од Институтот за демократија и медијација (ИДМ), финансиски поддржан од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка. Содржината на евалуацијата на Националната стратегија за дроги 2021 – 2025 и на Акцискиот план за дроги 2021 – 2023 на Република Северна Македонија е единствена одговорност на ХОПС – Опции за здрав живот Скопје и не мора да ги одразува ставовите на Центарот за промоција на граѓанското општество (Centar za promociju civilnog društva), на Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП), на Институтот за демократија и медијација и на Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.

Голема благодарност упатуваме до сите министерства, институции, здруженија на граѓани и експерти кои учествуваа во интервјуата, прашалникот, фокус групите и состаноците.

# 1. ВОВЕД

Република Северна Македонија, како и повеќето земји во регионот, во последниве 30 години се соочуваше со зголемена употреба на психоактивни супстанции. Во согласност со тоа надлежните институции, вклучително и многубројните граѓански организации, преземаат соодветни мерки за надминување на сите проблеми кои произлегуваат од производството, од трговијата и од употребата на дрогите. Владата на Република Северна Македонија во 2021 година ја усвои Националната стратегија за дроги на Република Северна Македонија 2021 – 2025, како и Акцискиот план 2021 – 2023. Една од предвидените активности во овој акциски план е спроведување на независна евалуација на Стратегијата и на Акцискиот план која ќе ја измери имплементацијата на активностите, ќе ги провери постигнатите резултати, ќе ги дефинира релевантноста и влијанието на стратешкиот документ и ќе даде насоки за новиот акциски план.

# 2. ЦЕЛИ НА ЕВАЛУАЦИЈАТА

А **Да ја измери релевантноста на целите** на Стратегијата за дроги 2021-2025 и Акцискиот план за дроги 2021-2023 во однос на состојбата со проблемот со дроги во Северна Македонија;

Б **Да го измери влијанието** на Стратегијата за дроги 2021 – 2025 и на Акцискиот план за дроги 2021 – 2023 во однос на националниот одговор на проблемот со дроги;

В **Да го утврди степенот на имплементација** на мерките од Акцискиот план за дроги 2021-2023;

Г **Да ги детектира пречки и бариери** кои се појавиле во имплементацијата на акциските планови, но и да ги утврди системите или ресурсите на поддршка во имплементацијата на мерките од акциските планови;

Д **Да дефинира насоки и приоритети** кои треба да бидат запазени во креирање на новиот Акциски план за дроги 2024-2025.

# 3. МЕТОДОЛОГИЈА

Процесот на евалуација беше воден од 5 клучни истражувачки прашања:

А **Колку целите и активностите** на Стратегијата за дроги 2021 – 2025 и на Акцискиот план за дроги 2021 – 2023 се релевантни за состојбата со проблемот со дроги во РСМ во периодот од 2021 до 2023 година?

Б **Колкаво е влијанието** на Стратегијата за дроги 2021 – 2025 и на Акцискиот план за дроги 2021 – 2023 врз националниот одговор на проблемот со дроги во РСМ?

В **Колкав е степенот на имплементација** на мерките од Акцискиот план за дроги 2021 – 2023?

Г **Кои пречки и бариери** се појавиле во имплементацијата на акциските планови? Кои биле системите или ресурсите на поддршка во имплементацијата на мерките од акциските планови?

Д **Кои насоки и приоритети** треба да бидат запазени во креирање на новиот акциски план за дроги 2024 – 2025?

Истражувачките прашања, всушност, врамуваат 5 области кои се опфатени во евалуацијата, и тоа:

1. Релевантност
2. Влијание
3. Имплементација
4. Пречки/бариери
5. Насоки за идни политики.

За да се одговори на овие прашања беа користени квантитативни и квалитативни истражувачки методи кои беа применети во 3 фази на евалуацијата.

## А.) ПОДГОТВИТЕЛНА ФАЗА

Во оваа фаза се реализираа следниве активности:

- Селектирање на клучни засегнати страни.
- Идентификување и анализа на клучни документи, истражувања, извештаи кои ја опишуваат состојбата со droги во Република Северна Македонија или ги мониторираат и ги оценуваат клучните политики од областа на дрогите.
- Развивање клучни прашања на кои треба да одговори евалуацијата.
- Информирање на сите засегнати страни за процесот на евалуација.

## Б.) ИСТРАЖУВАЧКА ФАЗА

Во оваа фаза беше спроведен најголемиот дел од истражувачките активности:

- Развивање прашалник за испитување на засегнатите страни.
- Спроведување интервјуа според прашалникот со претставници на сите институции и здруженија на граѓани вклучени во спроведувањето на активностите на Стратегијата.
- Спроведување на една фокус група со граѓански организации и луѓе кои употребуваат дроги/крајни корисници.
- Анализа на собраните податоци.

## В.) ИЗВЕСТУВАЧКА ФАЗА

- Состанок за потврдување на добиени резултати (validation meeting) со селектирани засегнати страни со цел постигнување консензус за резултатите и за препораките од евалуацијата.
- Нацрт-извештај и презентирање на извештајот.

Евалуацијата беше спроведена во периодот од ноември до декември 2023 година.

# 4. РЕЗУЛТАТИ

## 4.1. РЕЛЕВАНТНОСТ НА СТРАТЕГИЈАТА И НА АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА ДРОГИ 2021-2023




Анализата покажа дека речиси сите испитаниците (91,66 %) целосно се согласуваат или се согласуваат со ставот дека Стратегијата и Акцискиот план за дроги 2021 – 2023 ги покрива сите релевантни области.

Испитаниците исто така одговорија на кои теми сметаат дека требало да им се посвети повеќе внимание во Стратегијата и во Акцискиот план за дроги 2021 – 2023. Прашалникот понуди 15 теми кои се дел од Стратегијата за дроги и од Акцискиот план за дроги 2021 – 2023. Од овие 15, најчесто одбирани теми за кои испитаниците сметаат дека требало да им се посвети повеќе внимание се следниве:

- Координација на политиката за дроги во државава – 75 %.
- Вклученост на граѓанското општество – 58,3 %.
- Активности во затворскиот систем – 58,3 %.
- Мониторинг на спроведување на програмите за дроги – 50 %.

Очигледно е дека испитаниците повеќе се согласни за тоа дека требало повеќе внимание да се посвети на некои општи теми како: координација, вклученост на граѓанското општество и мониторинг. Ова е разбирливо бидејќи сите испитаници доаѓаат од различни институции и организации кои работат само во една област или еден вид програма и најчесто немаат познавање за тоа каква е состојбата со другите области и дали е потребно да има повеќе програми за: превенција, лекување, ресоцијализација или програми за намалување на штети. Од конкретните програми, односно услуги најголемиот дел од испитаниците сметаат дека е потребно повеќе внимание да се посвети на активности во затворскиот систем (58,3 %) и на развивање програми за ресоцијализација и реинтеграција на луѓето кои употребуваат droги (33,3 %).

## 4.2. ВЛИЈАНИЕ НА СТРАТЕГИЈАТА И НА АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА ДРОГИ 2021-2023

Клучно прашање за кое е изграден интересот за оваа тема беше колкаво е влијанието на Стратегијата и на Акцискиот план врз подобрување на политиките за дроги, односно на националниот одговор на проблемот со дроги во Република Северна Македонија во периодот од 2021 до 2023 година. Преку ова клучно прашање и низа други контекстуално дефинирани потпрашања низ интервјуата добивме слика за влијанието на овој документ.

За разлика од релевантноста која беше оценета многу високо, влијанието од страна на најголем дел од испитаниците беше оценето како непостоечко или недоволно. Беа дадени и повеќе примери кои го потврдуваат ставот за недоволното влијание на Стратегијата. Еден од примерите е дека и покрај предвидените активности за подобрување на координацијата во Стратегијата и во Акцискиот план за дроги 2021 – 2023, сепак, две години не постои координатор на Меѓуресорската комисија за дроги чија надлежност, меѓу другото, е реализација и следење на реализацијата на оваа стратегија. Единствено претставничката на Министерството за труд и социјална политика (МТСП) смета дека Стратегијата како национален документ има влијание бидејќи тие ја консултираат кога носат одлуки кои се поврзани со дрогите. Исто така испитаниците сметаат дека прашањето на дрогите воопшто не е приоритет на Министерството за здравство и нема никаква иницијатива и поддршка за работа на оваа тема ниту од здравствениот кадар ниту пак од политичарите кои го водат Министерството за здравство.

Влијанието на Стратегијата во однос на стратешките приоритети („Намалување на побарувачката на дроги“, „Намалување на понудата на дроги“ и „Понатамошен развој на капацитетите и унапредување на комуникацијата и на координацијата меѓу надлежните институции согласно добрите практики и стандарди“), како и на очекуваните исходи за секоја стратешка цел го меревме преку прашалници и интервјуа. Главен заклучок е дека Стратегијата има мало или незначајно влијание врз националниот одговор за проблемот на употреба на дрогите во Република Северна Македонија. Единствено за две стратешки цели „Воспоставување на ефикасен систем за превенција од дроги во рамките на образованието и здравството согласно добрите практики“ и „Подобрена функционалност на институциите што се задолжени за спречување на нелегална трговија со дроги“, 16,7 % од испитаниците сметаат дека Стратегијата имала половично влијание за првата цел, односно значително влијание за реализирањето на втората цел. За сите останати цели испитаниците се изјасниле дека Стратегијата нема никакво влијание или дека не знаат дали има некакво влијание. Ваквото мислење го имаат сите испитаници без оглед дали се од граѓанскиот сектор или пак од државниот сектор, односно од институциите.

Поголемиот дел од испитаниците (41,7 %) сметаат дека во периодот на реализација на Акцискиот план за дроги 2021 – 2023 се намалиле малку активностите поврзани со превенција на употреба на дроги. Полицијата нема активности за превенција, на локално ниво нема никакви активности за превенција во образованието. Исто така нема ниту повици за проекти поврзани со превенцијата на дроги, но од друга страна некои од испитаниците рекле дека нема и соодветен кадар за работа во оваа област. Значаен број од испитаниците сметаат дека активностите за поквалитетни третмани за зависности од дроги за време на реализацијата на Акцискиот план за дроги 2021 – 2023 се намалиле малку (25 %) или значително (16,6 %).

Значаен број од испитаниците (41,6 %) сметаат дека се намалиле активностите поврзани со програмите за намалување на штети од употреба на дроги. Главната причина за тоа ја лоцираат во намалување на буџетот наменет за овие програми за околу 30 %, што драстично влијае на квалитетот на програмата, како и во немањето интерес од надлежните за овој вид програми. Тоа доведе до престанок со работа на 3 центри за намалување на штети, а видот на услугите во рамките на овие програми е сведен на минимум.

Единствената цел поврзана со директни услуги спрема луѓето кои употребуваат дроги (ЛКУД) за која повеќе од еден испитаник одговорил дека активностите се зголемиле е за областа ресоцијализација и реинтеграција. Имено, 25 % од испитаниците одговориле дека во периодот на имплементација на Акцискиот план 2021 – 2023 активностите поврзани со ресоцијализацијата и реинтеграцијата се зголемени малку, додека 33,3 % сметаат дека нема промена. Ниеден испитаник не смета дека овие активности се намалиле.

Дури 50 % од испитаниците сметаат дека вклученоста на граѓанското општество е намалено и дека за надлежните власти, пред сè во рамките на Министерството за здравство, областа на дрогите не е приоритет, па оттука и намалената вклученост на граѓанското општество кое работи во оваа област. Инаку, ова е еден парадокс затоа што токму граѓанското општество е тоа што ја финансираше изработката на Стратегијата за дроги 2021 – 2025 и на Акцискиот план за дроги 2012 – 2023, како и евалуацијата на Акцискиот план за дроги 2021 – 2023. Исто така граѓанските организации ја финансираа и евалуацијата на претходната Национална стратегија за дроги 2014 – 2020, а преку проект на граѓанската организација ХОПС ќе се реализира и изработката на новиот акциски план за дроги 2024 – 2025. Значи, од една страна, граѓанските организации ја завршуваат најголемата работа за која се потребни финансиски средства, а од друга страна надлежните сè помалку гледаат во нив партнери.

Од испитаниците, 58 % сметаат дека се зголемени активностите на надлежните во насока на примена на законите што се однесуваат на санкционирање на сторителите на кривични дела поврзани со недозволена трговија на дроги од страна на Полицијата и на царината. Сепак, некои испитаници сметаат дека се зголемени делата спрема малите прекршители, но не и на главните трговци со дроги. Исто така Полицијата не ги почитува одредбите од Кривичниот законик, односно не го почитува член 215 според кој поседувањето дроги за лична употреба не е кривично дело. Полицијата постојано пишува неосновани пријави за ова кривично дело.

Претставниците на Полицијата и на царината сметаат дека во периодот на имплементација на Стратегијата и на Акцискиот план 2021 – 2023 активностите за подобрена функционалност на институциите што се задолжени за спречување на нелегална трговија со дроги се зголемени. Сите останати испитаници (83,3 %) одговориле дека не знаат, односно немаат мислење за тоа.

Од испитаниците, 58,3 % сметаат дека значително се намалени активностите за координација од страна на Меѓуресорската комисија за дроги. Ова е најголем процент на испитаници кои одговориле дека некоја активност значително се намалила во периодот на имплементација на Акцискиот план 2021 – 2023. Причината ја лоцираат во тоа што по заминувањето во пензија на претходната претседателка на Меѓуресорската комисија за дроги пред 2 години не е именувана

нејзина замена и Комисијата нема одржано ниеден состанок. Ова е голем проблем бидејќи Меѓуресорската комисија за droги согласно Законот за контрола на дрогите и психотропните супстанции има огромна улога не само во координацијата на националниот одговор туку и во спроведувањето на одредени активности од Националната стратегија за дроги 2021 – 2025 и од Акцискиот план за дроги 2021 – 2023.

Од испитаниците, 41,6 % сметаат дека има значајно намалување на активностите за зголемување на финансиските ресурси за спроведување на политиките и на програмите за дроги. Во периодот на имплементација на Стратегијата и на Акцискиот план 2021 – 2023, Министерството за здравство ги намали буџетите на граѓанските организации кои ги спроведуваат програмите за намалување на штети за 30 %..

## 4.3. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКЦИСКИОТ ПЛАН

Евалуацијата на Стратегијата за дроги имаше цел да го измери и степенот на имплементација на овој документ, а понатаму да ги испита пречките/бариерите, но и системите на поддршка кои ги о(не)возможувале овие процеси. Стратешката имплементација претставува процес во кој плановите и стратегиите се реализираат поради постигнување на посакуваната цел. При мерењето на имплементацијата, најголем фокус беше ставен на Акцискиот план кој се реализирал во периодот од 2021 до 2023 година. Преку ова клучно прашање и низа контекстуално дефинирани потпрашања низ интервјуата добивме слика за имплементацијата на овие активности и мерки.

Генералната оценка на сите испитаници е дека Акцискиот план за дроги 2021 – 2023 е недоволно имплементиран. Одговорите најчесто зависеа од тоа од која институција или организација доаѓа испитаникот. Па така, одредени министерства имаат поголем процент на реализација споредено со останатите. Сепак, генералниот заклучок е дека само активностите кои се задолжителни за имплементација се спроведени во одредени институции при што самиот акциски план не бил директен поттик за извршување на предвидените активности.

Акцискиот план 2021 – 2023 е врамен во три стратешки приоритети: 1) намалување на побарувачката на дроги, 2) намалување на понудата на дроги и 3) понатамошен развој на капацитетите и унапредување на координацијата меѓу надлежните институции согласно добрите практики и стандарди. Секој од стратешките приоритети вклучува очекувани исходи, како и активности кои треба да придонесат за нив.

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1:
## НАМАЛУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЧКАТА НА ДРОГИ

Првиот стратешки приоритет вклучува 4 стратешки цели, 9 очекувани исходи и низа активности за секој од нив. Овој приоритет вклучува воспоставување на ефикасен систем на превенција, квалитетни програми за третман засновани на потребите на различните лица кои употребуваат дроги, одржливи програми за намалување на штети и подобрен пристап до социјални услуги на локално ниво за лицата кои употребуваат дроги.

*Табела 1. Реализација на стратешки приоритет 1*

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1:** НАМАЛУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЧКАТА НА ДРОГИ | | |
|---|---|---|
| **Стратешка цел 1.1:** Воспоставен ефикасен систем на превенција на дроги во рамките на образованието и согласно добрите практики | | |
| **Очекувани исходи 1.1.1:** Воведени национални стандарди за квалитет за превенција | | |
| **РЕАЛИЗИРАНИ** | **ДЕЛУМНО** | НЕРЕАЛИЗИРАНИ |
| **0** | **1** | **13** |
| **Очекуван исход 1.1.2:** Применети национални превентивни програми адаптирани на потребите и засновани на меѓународно признаени критериуми и стандарди | | |
| **РЕАЛИЗИРАНИ** | **ДЕЛУМНО** | НЕРЕАЛИЗИРАНИ |
| **0** | **0** | **4** |
| **Очекуван исход 1.1.3:** Воспоставениот систем за превенција е интегриран во системот на образование и здравство | | |
| **РЕАЛИЗИРАНИ** | **ДЕЛУМНО** | НЕРЕАЛИЗИРАНИ |
| **0** | **0** | **3** |
| **Стратешка цел 1.2:** Квалитетни програми за третман што ги опфаќаат сите лица според род, возраст и вид на дрога што ја употребуваат | | |
| **Очекувани исходи 1.2.1:** Развиени и применети национални стандарди за квалитет на третман | | |
| **РЕАЛИЗИРАНИ** | **ДЕЛУМНО** | НЕРЕАЛИЗИРАНИ |
| **0** | **0** | **6** |
| **Очекуван исход 1.2.2:** Законската регулатива од областа на здравствената заштита обезбедува соодветен третман за секој корисник | | |
| **РЕАЛИЗИРАНИ** | **ДЕЛУМНО** | НЕРЕАЛИЗИРАНИ |
| **0** | **0** | **5** |

**Очекуван исход 1.2.3:** Достапни и адаптирани програми и протоколи за третман на зависности базирани на стандарди и засновани на докази за потребите на ЛКУД, како и програми за лекување болести на зависност со примена на медицински канабис

| РЕАЛИЗИРАНИ | ДЕЛУМНО | НЕРЕАЛИЗИРАНИ |
|---|---|---|
| 0 | 0 | 8 |

**Стратешка цел 1.3:** Програмите за намалување штети се подобрени, одржливи и приспособени кон потребите на корисниците

**Очекувани исходи 1.3.1:** Законската регулатива од областа на здравствената и социјалната заштита ги препознава ПНШ кои се базирани на стандарди и нормативи за квалитет и ГО како даватели на услуги во рамките на ПНШ

| РЕАЛИЗИРАНИ | ДЕЛУМНО | НЕРЕАЛИЗИРАНИ |
|---|---|---|
| 5 | 1 | 1 |

**Очекуван исход 1.3.2:** Достапни и пристапни ПНШ адаптирани според потребите на ЛКУД

| РЕАЛИЗИРАНИ | ДЕЛУМНО | НЕРЕАЛИЗИРАНИ |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 4 |

**Стратешка цел 1.4:** Подобрен пристап на ЛКУД до социјални услуги на локално ниво

**Очекувани исходи 1.4.1:** Давателите на социјални услуги на локално ниво располагаат со соодветни капацитети за испорака на услугите

| РЕАЛИЗИРАНИ | ДЕЛУМНО | НЕРЕАЛИЗИРАНИ |
|---|---|---|
| 3 | 0 | 1 |

**Очекуван исход 1.4.2** Развиена мрежа на лиценцирани даватели на услуги на локално ниво

| РЕАЛИЗИРАНИ | ДЕЛУМНО | НЕРЕАЛИЗИРАНИ |
|---|---|---|
| 2 | 1 | 0 |

## ПОСТИГНУВАЊЕ НА СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.1.

Оваа стратешка цел е насочена кон воспоставување на ефикасен систем на превенција на дроги во рамките на образованието и согласно добрите практики. За нејзино исполнување дефинирани се 3 очекувани исходи и ниеден од нив не е исполнет. Во однос на првиот очекуван исход „Воведување на национални стандарди за квалитет за превенција", можеме да кажеме дека целта не е постигната. Не се реализирани низа активности кои би ги подготвиле националните стандарди, а со тоа е оневозможено и нивното усвојување и објавување. Само една активност е делумно реализирана, спроведување кампањи во соработка со меѓународни институции за подигнување на свеста кај младите, родителите, наставниците и донесувачите на одлуки и намалување на стигмата и на дискриминацијата на ЛКУД – луѓето кои употребуваат дроги.

Акцискиот план во овој дел ја следи логиката на постигување долгорочна цел чекор-по--чекор преку реализирање на конкретни исходи. Оттука постигнувањето на следните резултати зависи од постигнувањето на првиот очекуван исход.

Невоведувањето на национални стандарди за квалитет за превенција влијае врз нереализирањето на следниот очекуван исход насочен кон примена на национални превентивни програми адаптирани на потребите и засновани на меѓународно признаени критериуми и стандарди. Со други зборови, поради тоа што националните стандарди за квалитет на превенција не се усвоени, оневозможена е нивната примена.

Неусвојувањето на националните стандарди понатаму го оневозможува и следниот исход насочен кон воспоставување на систем за превенција кој е интегриран во системот на образование и на здравството.

## ПОСТИГНУВАЊЕ НА СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.2.

Втората стратешка цел е насочена кон постигнување на квалитетни програми за третман. Како и претходната стратешка цел, и оваа цел во голема мерка зависи од исполнување на првиот очекуван исход: развивање, усвојување и примена на национални стандарди за квалитет на третман. Евалуацијата покажа дека воопшто не е започнат процесот на имплементација на оваа низа активности. Дополнително, оваа стратешка цел зависи и од вториот очекуван исход „Подготовка на законска регулатива од областа на здравствена заштита која ќе обезбеди соодветен третман за секој корисник". И овој резултат не е постигнат поради незапочнување со активности кои би придонеле до негово остварување. Со други зборови, Министерството за здравство не формирало работна група која ќе спроведе ревизија на подзаконски акт (правилник) за квалитет на соодносот на бројот на корисници по лекар/лекарски тим. Имајќи предвид дека сите активности понатаму зависат од подготовката на подзаконски акт од страна на оваа работна група, тие не се воопшто реализирани.

Следната низа активности се однесува на постигнување на третиот очекуван исход – „Подготвување програми и протоколи за третман кои ги земаат предвид различните потреби на ЛКУД", како на пример третман на деца и на жени и третман на нарушувања од употреба на стимуланси. Дополнително овој исход се однесува и на подготовка на програми за лекување со примена на медицински канабис. Имајќи предвид дека ЛКУД претставува хетерогена заедница, оваа низа активности е насочена кон креирање на програми засновани на специфичните потреби

на различни ЛКУД и вклучува активности за подобрување на системот за лекување со медицински канабис. Ниедна активност не е започната со имплементација, па согласно тоа ниту овој исход не е постигнат. Во минатото (2018 г.) бил започнат процес на креирање на програма и на протокол за третман на зависности за деца, но тој процес е сопрен. Ниту Стратегијата ниту Акцискиот план не биле доволни да започне одново овој процес, но и да започнат останатите сродни процеси.

## ПОСТИГНУВАЊЕ НА СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.3.

Третата стратешка цел од првиот приоритет се однесува на постигнување одржливи и функционални програми за намалување на штети. Постигнувањето на оваа цел е предвидено да започне со обезбедување на законска регулатива од областа на здравствената и на социјалната заштита која ги препознава програмите за намалување на штети кои се базирани на стандарди и на нормативи за квалитет и на граѓанското општество како даватели на услуги во рамките на овие програми како прв очекуван исход.

Имплементацијата на овие активности, споредено со претходните, ги вклучува и здруженијата на граѓани (граѓанското општество) како дел од најодговорните институции за постигнување на посакуваниот исход. Во споредба со претходните, оваа низа активности покажува поголем степен на имплементација. Една можна претпоставка за тоа е токму вклученоста на здруженијата на граѓани. Сепак, исходот не е постигнат поради тоа што Собранието сè уште не ги усвоило предложените законски измени со кои би се препознале здруженијата на граѓани како даватели на услуги, вклучително и во рамките на програмите за намалување на штети. Во однос на давање услуги од областа на социјална заштита преку доделување средства на здруженија и на приватни даватели на социјални услуги, МТСП покажува зголемен степен на имплементација. Во однос на активностите кои се во мандат на Министерството за здравство, единствено како обврска која произлегува од Програмата за заштита на населението од ХИВ, Министерството подготвило финансиска конструкција за поддршка на програмите за намалување на штети и на услугите што ги даваат здруженијата на граѓани на годишно ниво, па согласно таа конструкција ги финансира овие програми. Сепак, вреди да се спомене дека во последниве 2 години има намалување на финансирањето на овие програми за 30 до 40 %.

И покрај тоа што дел од активностите се реализирани (делумно или целосно), сепак вториот очекуван исход во оваа стратешка цел кој се однесува на достапни и на пристапни ПНШ адаптирани според потребите на ЛКУД не е постигнат. Целта на овие активности е да доведат до формирање програми и протоколи за намалување на штети кои се адаптирани на потребите на различните ЛКУД како: стари лица, жени и трансродови лица, така и за соби за безбедно инјектирање. Во периодот на имплементација дури се забележува и намалување на постојните програми (од 13 на 11). Буџетот за овие програми е намален значително, за 30 до 40 %, и тоа драстично влијае на квалитетот на програмата. Услугите кои ги нудат се сведени на минимум. Дополнително, низ интервјуата дознавме дека отсуствува интерес од надлежните за овој вид програми, како и соодветна комуникација со ГО кои ја спроведуваат оваа програма. Подготовката и усвојувањето на нови програми не е целосна. Па така, креирани се програми само за жени и трансродови лица, а протокол е креиран и усвоен единствено за жени.

## ПОСТИГНУВАЊЕ НА СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.4.

Оваа стреташка цел се однесува на подобрување на пристапот на ЛКУД до социјални услуги на локално ниво. Најголем дел од активностите кои треба да доведат до исполнување на првиот очекуван исход „Давателите на социјални услуги на локално ниво располагаат со соодветни капацитети за испорака на услугите" се реализирани. Сепак, исходот не е постигнат. Како бариера за непостигнат очекуван исход е посочена незаинтересираноста и немотивираноста на единиците на локалната самоуправа да аплицираат за давање услуги за проблемот со droги. Единиците на локалната самоуправа се заинтересирани за отворање домови за стари лица или градинки, а не за услуги за маргинализирани заедници. Оттука како пречка може да се наведе стигмата спрема ЛКУД од страна на локалните самоуправи.

Вториот очекуван исход „Развиена е мрежа на лиценцирани даватели на услуги на локално ниво" од оваа стратешка цел е остварен. Евалуацијата ни покажа дека МТСП покажува поголем степен на имплементација на активности во нивна одговорност од Министерството за здравство. Она што недостасува е одржување на регионални и на национални координативни средби на даватели на услуги (засега се одржуваат само на локално ниво).

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2: НАМАЛУВАЊЕ НА ПОНУДАТА НА ДРОГИ

Вториот стратешки приоритет вклучува 3 стратешки цели, 7 очекувани исходи и низа активности за секој од нив. Овој приоритет вклучува подобрена законска регулатива од кривичната област, подобрена функционалност на институциите задолжени за спречување на нелегална трговија со дрога, подобрени практики на комуникација и размена на информации меѓу релевантните институции.

*Табела 2. Реализација на стратешки приоритет 2*

| СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2: НАМАЛУВАЊЕ НА ПОНУДАТА НА ДРОГИ | | |
|---|---|---|
| **Стратешка цел 2.1:** Подобрена примена на законската регулатива од кривичната област што се однесува на санкционирање на сторителите на кривични дела поврзано со недозволена трговија на droги | | |
| **Очекувани исходи 2.1.1:** Законската регулатива обезбедува задолжително спроведување на финансиски истраги кон сторителите на потешки кривични дела од областа на нелегална трговија со дрога | | |
| **РЕАЛИЗИРАНИ** | **ДЕЛУМНО** | **НЕРЕАЛИЗИРАНИ** |
| **1** | **1** | **0** |
| **Очекуван исход 2.1.2:** Подобрена политика на казнивост и извршување санкции за дела за недозволена трговија со дрога | | |
| **РЕАЛИЗИРАНИ** | **ДЕЛУМНО** | **НЕРЕАЛИЗИРАНИ** |
| **1** | **0** | **2** |

| **Стратешка цел 2.2:** Подобрена функционалност на институциите што се задолжени за спречување на нелегална трговија со дрога | | |
|---|---|---|
| **Очекувани исходи 2.2.1:** Зајакнати материјално-технички капацитети во согласност со потребите и современите трендови за спречување на нелегална трговија со дрога | | |
| **РЕАЛИЗИРАНИ** | **ДЕЛУМНО** | **НЕРЕАЛИЗИРАНИ** |
| **3** | **0** | **1** |
| **Очекуван исход 2.2.2:** Зајакнати кадровски капацитети согласно потребите и систематизацијата на работни позиции и места | | |
| **РЕАЛИЗИРАНИ** | **ДЕЛУМНО** | **НЕРЕАЛИЗИРАНИ** |
| **3** | **0** | **1** |
| **Стратешка цел 2.3:** Подобрени практики на комуникација и размена на информации меѓу институциите задолжени за спречување на недозволена трговија со дрога | | |
| **Очекувани исходи 2.3.1:** Актуелните прописи обезбедуваат системска комуникација и координација за разменување информации помеѓу институциите задолжени за спречување на недозволена трговија со дрога | | |
| **РЕАЛИЗИРАНИ** | **ДЕЛУМНО** | **НЕРЕАЛИЗИРАНИ** |
| **1** | **2** | **0** |
| **Очекуван исход 2.3.**2: Воспоставена заедничка база на податоци во институциите задолжени за спречување на нелегална трговија со дрога | | |
| **РЕАЛИЗИРАНИ** | **ДЕЛУМНО** | **НЕРЕАЛИЗИРАНИ** |
| **0** | **0** | **1** |
| **Очекуван исход 2.3.3:** Функционални механизми за континуирана примена на правилници и протоколи за координација во секојдневното работење | | |
| **РЕАЛИЗИРАНИ** | **ДЕЛУМНО** | **НЕРЕАЛИЗИРАНИ** |
| **1** | **0** | **1** |

## ПОСТИГНУВАЊЕ НА СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2.1.

Оваа стратешка цел е насочена кон подобрување на законската регулатива од кривичната област. Првиот очекуван исход кон постигнување на истата е усвојување на законска регулатива која ќе обезбеди задолжително спроведување на финансиски истраги кон сторителите на потешки кривични дела од областа на нелегална трговија со дрога. Овој исход е делумно постигнат. Евалуацијата покажа дека од страна на Министерството за внатрешни работи се применуваат одредбите за финансиските истраги во постапките поврзани со недизволена трговија со дроги, но од друга страна се уште не се целосно дефинирани и променети недостатоците на законската регулатива поврзана со ефикасно спроведување на финансиски истраги, постапки за замрзнување и заплена на движен и недвижен имот за кривични дела од оваа област.

Во однос на вториот очекуван исход кој се однесува на подобрена политика на казнивост и извршување санкции за дела за недозволена трговија со дрога, евалуацијата покажа дека истиот е делумно постигнат. Законските зимени се при крај, треба да следи нивно усвојување, а потоа ревизија на одлуките за избор на казнено-поправни установи и мониторинг на имплементација на законските одредби.

## ПОСТИГНУВАЊЕ НА СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2.2.

Оваа стратешка цел е насочена кон подобрување на функционалноста на институциите што се задолжени за спречување на нелегална трговија со дрога. Првиот чекор кон постигнување на оваа цел е зајакнување на материјално-техничките капацитети во согласност со потребите и современите трендови за спречување на нелегална трговија со дрога. Овој очекуван исход е постигнат, но без да се направи проценка за набавка на потребната техничка опрема. Понатаму, зајакнати се и кадровските капацитети согласно потребите и систематизацијата на работни позиции и места. Сепак и овој очекуван исход е постигнат без да се спроведе анализа на потребите за јакнење на капацитетите на постојниот кадар.

## ПОСТИГНУВАЊЕ НА СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2.3.

Оваа стратешка цел е насочена кон подобрување на практиките на комуникација и размена на информации меѓу институциите задолжени за спречување на недозволена трговија со дрога. Првиот очекуван исход кој води кон постигнување на оваа цел е воспоставување на актуелни прописи кои обезбедуваат системска комуникација и координација за разменување информации помеѓу институциите задолжени за спречување на недозволена трговија со дрога. Овој исход е делумно реализиран. Воспоставени се разузнавачки и истражни тимови за размена на податоци и информации во рамките на постоечките меѓународни и регионални платформи и мрежи, но останува целосно да се усогласи националната регултаива со европската регулатива во однос на обезбедување на меѓусекторска комуникација (интероперабилност). Понатаму, следниот чекор се однесува на воспоставување на заедничка база на податоци во институциите задолжени за спречување на нелегална трговија со дрога. Овој исход не е постигнат заради невоспоставување

на систем за брза размена на информации меѓу институции. Последниот сет од активности во овој стратешки приоритет цели кон воспоставување на функционални механизми за континуирана примена на правилници и протоколи за координација во секојдневното работење. Овој исход е делумно постигнат. Во рамките на секојдневната работа се одржуваат коориднативни состаноци помеѓу надлежните институции  но не е формиран и официјализиран мултисекторски тим за размена на информации.

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3:
## ПОНАТАМОШЕН РАЗВОЈ НА КАПАЦИТЕТИТЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КООРДИНАЦИЈАТА И КОМУНИКАЦИЈАТА ПОМЕЃУ НАДЛЕЖНИТЕ ИНСТИТУЦИИ СОГЛАСНО ДОБРИТЕ ПРАКТИКИ И СТАНДАРДИТЕ

Последниот стратешки приоритет вклучува 3 стратешки цели, 7 очекувани исходи и кластер од активности за секој од нив. Овој приоритет вклучува зајакната функционалност на системот за управување со политиките за дроги, подобрен квалитет на системот за известување до релевантните национални и меѓународни институции и јавноста и зголемени финансиски ресурси за спроведување на политиките и програмите за дроги.

*Табела 3. Реализација на стратешки приоритет 3*

| СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3: ПОНАТАМОШЕН РАЗВОЈ НА КАПАЦИТЕТИТЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КООРДИНАЦИЈАТА И КОМУНИКАЦИЈАТА ПОМЕЃУ НАДЛЕЖНИТЕ ИНСТИТУЦИИ СОГЛАСНО ДОБРИТЕ ПРАКТИКИ И СТАНДАРДИТЕ | | |
|---|---|---|
| **Стратешка цел 3.1:** Зајакната функционалност на системот за управување со политиките за дроги | | |
| **Очекувани исходи 3.1.1:** Меѓуресорската комисија утврдува и застапува препораки базирани врз истражувања и докази до донесувачите на одлуки - | | |
| **РЕАЛИЗИРАНИ** | **ДЕЛУМНО** | **НЕРЕАЛИЗИРАНИ** |
| **0** | **0** | **5** |
| **Очекуван исход 3.1.2:** Подобрена кадровска екипираност, знаења и вештини за примена на политиките за дроги на Центарот за следење на дрога и зависности од дрога во рамките на Секторот за хемикалии и контролирани супстанции при МЗ, како и во надлежните институции во областа на дроги | | |
| **РЕАЛИЗИРАНИ** | **ДЕЛУМНО** | **НЕРЕАЛИЗИРАНИ** |
| **0** | **0** | **5** |
| **Очекуван исход 3.1.3:** Воведени функционални механизми за следење на спроведувањето на стратегијата и акциските планови | | |
| **РЕАЛИЗИРАНИ** | **ДЕЛУМНО** | **НЕРЕАЛИЗИРАНИ** |
| **0** | **1** | **3** |

| **Стратешка цел 3.2:** Подобрен квалитет на системот за известување до релевантните национални и меѓународни институции и јавноста | | |
|---|---|---|
| **Очекувани исходи 3.2.1:** Воспоставен функционален систем за известување кон ЕМЦДДА и релевантните меѓународни институции базиран на релевантни информации и податоци и усогласен со стандардите за известување | | |
| **РЕАЛИЗИРАНИ** | **ДЕЛУМНО** | **НЕРЕАЛИЗИРАНИ** |
| **3** | **0** | **1** |
| **Очекуван исход 3.2.2:** Достапни ажурирани и релевантни информации за проблематиката и политиките на дроги на национално ниво | | |
| **РЕАЛИЗИРАНИ** | **ДЕЛУМНО** | **НЕРЕАЛИЗИРАНИ** |
| **0** | **0** | 3 |
| **Стратешка цел 3.3:** Зголемени финансиски ресурси за спроведување на политиките и програмите за дроги | | |
| **Очекувани исходи 3.3.1:** Зајакната соработка на институциите и граѓанскиот сектор и координиран пристап при прибирање фондови | | |
| **РЕАЛИЗИРАНИ** | **ДЕЛУМНО** | **НЕРЕАЛИЗИРАНИ** |
| **0** | **1** | 2 |
| **Очекуван исход 3.3.2:** Зголемена можности за пристап до фондови од меѓународни организации, јавниот буџет на локално ниво, приватниот сектор и индивидуалци | | |
| **РЕАЛИЗИРАНИ** | **ДЕЛУМНО** | **НЕРЕАЛИЗИРАНИ** |
| **0** | **0** | 4 |

## ПОСТИГНУВАЊЕ НА СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3.1.

Оваа стратешка цел се однесува на зајакнување на функционалноста на системот за управување со политиките за дроги и за нејзино остварување предвидени се 3 очекувани исходи. Приот очекуван исход е Меѓуресорската комисија да утврдува и да застапува препораки базирани врз истражувања и докази до донесувачите на одлуки. Сепак, овој исход не е реализиран поради тоа што тоа е одговорност на Меѓуресорската комисија која, според интервјуата со претставниците на институциите, не функционира и нема доволен број на членови. Дополнително, во активностите од оваа низа кои се однесуваат на законски измени, не е наведено за какви законски измени станува збор, што го отежнува спроведувањето.

Во однос на вториот очекуван исход „Подобрување на кадровската екипираност, знаења и вештини за примена на политиките за дроги на релевантните институции“, евалуацијата покажа дека и тој не е постигнат. Како главна причина во интервјуата се споменува нефункционирањето на Меѓуресорската комисија за дроги која е одговорна за спроведувањето на предвидените активности.

И третиот очекуван исход не е реализиран, односно не се воведени функционални механизми за следење на спроведувањето на Стратегијата и на акциските планови, па оваа евалуација се обидува да го надомести тој процес.

## ПОСТИГНУВАЊЕ НА СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3.2.

Оваа стратешка цел се однесува на подобрување на квалитетот на системот за известување до релевантните национални и меѓународни институции и до јавноста.

Првиот очекуван исход за воспоставување на функционален систем за известување за ЕМЦДДА и за релевантните меѓународни институции базиран на релевантни информации и податоци и усогласен со стандардите за известување е делумно реализиран. Реализирани се активности кои претставуваат и тековна обврска на ИЈЗ. Евалуацијата покажа дека не е креиран и не е воспоставен нов систем, туку е избрана постојната форма за известување до ЕМЦДДА. Вториот очекуван исход за достапни, за ажурирани и за релевантни информации за проблематиката и за политиките на дроги на национално ниво не е реализиран. Ниедна од предвидените активности не е започната.

## ПОСТИГНУВАЊЕ НА СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3.3.

Последната стратешка цел се однесува на зголемување на финансиските ресурси за спроведување на политиките и на програмите за дроги. За да се постигне оваа цел предвидени се два очекувани исходи. Првиот е зајакнување на соработката на институциите и на граѓанскиот сектор и координиран пристап при прибирање фондови. Ова е делумно постигнато. Причина за тоа е нефункционирањето на Меѓуресорската комисија. Единствено едно здружение на граѓани има добиено проект за евалуција на постоечкиот акциски план и креирање на нов. Конечно, и вториот очекуван исход не е исполнет, односно не е постигнато ниту зголемување на можности за пристап до фондови од меѓународни организации, до јавниот буџет на локално ниво, до приватниот сектор и до индивидуалци.

| Реден број | Активности | Одговорни институции | Степен на реализација | Нереализирани |
|---|---|---|---|---|
| Намалување на побарувачката на дроги | 62 | 11 | 5 | 46 |
| Намалување на понудата на дроги | 19 | 10 | 3 | 6 |
| Понатамошен развој на капацитетите и унапредување на координацијата помеѓу надлежните институции согласно добрите практики и стандарди | 28 | 3 | 2 | 23 |
| **Вкупно** | **109** | **24** | **10** | **75** |

*Табела 4. Реализација на активности од Акцискиот план за дроги 2021–2023 година*

Мерењето на имплементацијата на Акцискиот план покажа дека ниедна од стратешките цели не е целосно реализирана. Поради тоа, понатаму во процесот на евалуација, решивме да ги испитаме пречките и бариерите кои довеле до оваа состојба.

## ПРЕЧКИ И БАРИЕРИ ПРИ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕШКИТЕ ДОКУМЕНТИ

Испитаниците издвојуваат неколку клучни пречки и бариери кои сметаат дека се појавиле во имплементацијата на Акцискиот план за droги 2021 – 2023. Анализирајќи ги одговорите и групирајќи ги во низи сличните одговори стигнавме до 4 предизвици кои ја попречувале имплементацијата на овој документ.

- **Отсуство на политичка волја** за спроведување на Стратегијата.
- **Несоодветна** координација
- **Намалување на финансиски средства** за реализација на програмите за дроги.
- **Постоење стигма и негативни ставови** спрема корисниците на дроги од страна на луѓето во институциите.

Во однос на системите за поддршка, односно дали нешто придонело за исполнување на Акцискиот план и на стратешките цели, испитаниците најчесто одговриле дека тоа е самоиницијативноста на одредени поединци, на граѓански организации и на некои од институциите, пред сè од областа на намалување на понудата. Не постои структурна или организирана поддршка од страна на Владата.

# НАСОКИ И ПРЕПОРАКИ ЗА ИДНИОТ АКЦИСКИ ПЛАН

Испитаниците дадоа и свои насоки за приоритети кои треба да бидат дел од следниот акциски план за дроги 2023 – 2024.

Во однос на нереализираните активности од претходниот Акциски план 2012 – 2023, испитаниците сметаат дека тие треба да бидат дел од новиот акциски план 2024 – 2025, но притоа да се одредат приоритети, односно да се земат предвид само оние кои се реално остварливи.

Акцискиот план за дроги 2024 – 2025 не треба да биде премногу амбициозен како листа на желби. Напротив, треба да биде рационален и тој да се прави според контекстот. Активностите да се преориентираат за она што некогаш беше иднина, а денес е тука, тоа се новите и синтетски дроги.

Клучни приоритети кои ги издвојуваат испитаниците се:

- **При изработката на новиот акциски план** да се стави поголемо внимание на зајакнување на координацијата на национално и на локално ниво.
- **Да се подобри законската регулатива** во врска со правните лица кои имаат одобрение за одгледување канабис за медицинска употреба.
- **Зголемување на буџетот за програмите за дроги** што ќе овозможи одржливост на програмите бидејќи драстично се намалени финансиите, пред сè за програмите за намалување на штети од употреба на дроги кои ги спроведуваат граѓанските организации.
- **Да се направи стандардизација** на сите програми за дроги.
- **Да се зголеми соработката** со граѓанското општество.
- **Да се предвидат активности** кои ќе овозможат акцискиот план за дроги да има обврзувачки карактер.
- **Да се воведат нови програми** за лекување, како и програми за лекување на деца.

# АНЕКС 1.
# СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА ДРОГИ 2021-2023

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1:
## НАМАЛУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЧКАТА НА ДРОГИ

**Стратешка цел 1.1:** Воспоставен ефикасен систем на превенција на дроги во рамките на образованието и согласно добрите практики

**Очекувани исходи 1.1.1:** Воведени национални стандарди за квалитет за превенција

| Реден број | Активности | Одговорни институции | Степен на реализација |
|---|---|---|---|
| **1.1.1.1** | Формирање на работна група за изработка на национални стандарди за квалитет за превенција | МЗ (МОН, ИЈЗ, Меѓуресорска комисија) | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.1.1.2** | Анализа на документи за стандарди за квалитет за превенција<br>** (European Standards and Indicators for Health Promoting Schools; UNODC, WHO, EMCDDA)* | Работна група за национални стандарди за квалитет за превенција | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.1.1.3** | Анализа и спроведување процена на постојната состојба на примена на воспоставените стандарди за квалитет за превенција | Работна група за национални стандарди за квалитет за превенција | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.1.1.4** | Организирање работилници на работна група за изработка на национални стандарди за квалитет за превенција | Работна група за национални стандарди за квалитет за превенција | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.1.1.5** | Спроведување на консултативен процес со сите релевантни институции за валидација (потврдување автентичност) на стандардите | Работна група за национални стандарди за квалитет за превенција<br>(ЕЛС и Град Скопје, Агенција за млади и спорт, релевантни министерства, БРО, ЦСОО, ГО) | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.1.1.6** | Работна средба за усвојување на национални предлог-стандарди за квалитет за превенција со вклучување на дополнителни чинители | Работна група за национални стандарди за квалитет за превенција<br>*(експерти, професионалци, практичари, претставници на консултирани институции)* | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1.1.1.7** | Подготовка на методологија за пилотирање на предлог-стандардите во училиштата | МОН, БРО, ЦСОО, ИЈЗ | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.1.1.8** | Пилотирање на стандардите во избрани училишта | МОН, БРО, ЦСОО | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.1.1.9** | Спроведување работилница за ревизија и финализација на националните стандарди врз основа на процена на ефектите од пилотирањето | Работна група за национални стандарди за квалитет за превенција | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.1.1.10** | Усвојување и објавување на национални стандарди за квалитет на превенција | Влада на РСМ | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.1.1.11** | Печатење на публикација за националните стандарди за квалитет на превенција и поставување на интернет-страници | МЗ, МОН, ИЈЗ | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.1.1.12** | Промоција на националните стандарди за квалитет на превенција помеѓу чинителите со фокус на образовни институции, здравствени установи, центри за социјална работа | МЗ, МОН, МТСП, ГО, ЕЛС, центри за превенција и третман и други локални институции | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.1.1.13** | Спроведување кампањи во соработка со меѓународни институции за подигнување на свеста кај младите, родителите, наставниците и донесувачите на одлуки и намалување на стигмата и дискриминацијата на ЛКУД | МЗ, МОН, ИЈЗ | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.1.1.14** | Проект „Стоп на пороците“ | Агенција за млади и спорт | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |

**Очекуван исход 1.1.2:** Применети национални превентивни програми адаптирани на потребите и засновани на меѓународно признаени критериуми и стандарди

| Реден број | Активности | Одговорни институции | Степен на реализација |
|---|---|---|---|
| **1.1.2.1** | Усогласување на постојните национални превентивни програми со усвоените национални стандарди за квалитет на превенција | МЗ, ИЈЗ | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.1.2.2** | Усогласување на постојните модули за обука за програми за превенција | МЗ, ИЈЗ | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.1.2.3** | Спроведување обука на професионалци за примена на програми за превенција | МЗ, ИЈЗ, центри за превенција и третман на употреба и зависност на дроги (ЦПТЗД) и други ПАС | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.1.2.4** | Подготовка на годишни планови за спроведување на програмите за превенција во секоја одговорна институција | ИЈЗ, ЦЈЗ, здравствени установи | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |

**Очекуван исход 1.1.3:** Воспоставениот систем за превенција е интегриран во системот на образование и здравство

| Реден број | Активности | Одговорни институции | Степен на реализација |
|---|---|---|---|
| **1.1.3.1** | Формирање на работна група за интегрирање на стандардите за превенција во образовниот систем | МОН, БРО, ЦСОО | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.1.3.2** | Усогласување на постојните наставни програми во насока на адаптација согласно националните стандарди за превенција:<br>– програми за предучилишна возраст<br>– основни училишта<br>– средни училишта<br>– програми за работа со родителите | Работна група за интегрирање на стандардите за превенција во образовниот систем<br>*(МОН, БРО,* ЦСОО*, МЗ, ИЈЗ, ЦПТЗД, ЦНВО)* | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.1.3.3** | Усогласување на програмите за превенција во здравствениот систем согласно националните стандарди за квалитет на превенција | МЗ, ИЈЗ, ЦПТЗД<br>ИЈЗ: | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |

**Стратешка цел 1.2:** Квалитетни програми за третман што ги опфаќаат сите лица според род, возраст и вид на дрога што ја употребуваат

**Очекувани исходи 1.2.1:** Развиени и применети национални стандарди за квалитет на третман

| Реден број | Активности | Одговорни институции | Степен на реализација |
|---|---|---|---|
| **1.2.1.1** | Формирање на работна група за изработка на национални стандарди за квалитет на третман | МЗ и претставник од центрите за третман на зависности | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.2.1.2** | Спроведување процена на постојната состојба на примена на постојните стандарди за квалитет за третман | Работна група за изработка на национални стандарди за квалитет на третман | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.2.1.3** | Подготовка на национални стандарди за квалитет на третман врз основа на спроведената процена на примена на постојните стандарди | Работна група за изработка на национални стандарди за квалитет на третман | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.2.1.4** | Организирање на работна средба за финализација на националните стандарди за квалитет на третман, врз основа на консултативниот процес | Работна група за изработка на национални стандарди за квалитет на третм | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.2.1.5** | Усвојување и објавување на национални стандарди за квалитет на третман | Влада на РСМ | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.2.1.6** | Континуирани обуки на здравствени работници – лекари, психијатри за примена на национални стандарди за квалитет на третман кај лица кои употребуваат супстанции | МЗ | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |

**Очекуван исход 1.2.2:** Законската регулатива од областа на здравствената заштита обезбедува соодветен третман за секој корисник

| Реден број | Активности | Одговорни институции | Степен на реализација |
|---|---|---|---|
| **1.2.2.1** | Формирање на работна група за ревизија на подзаконски акт (правилник) за квалитет на сооднос на број на корисници по лекар/лекарски тим | МЗ | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.2.2.2** | Подготовка на предлог-текст на подзаконски акт (правилник) за соoднос на број на корисници по лекар/лекарски тим согласно практиките на ЕУ | Работна група за подготовка на подзаконски акт (правилник) за квалитет на соодност на број на корисници по лекар/лекарски тим | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.2.2.3** | Организирање на консултативен процес за финализирање на подзаконскиот акт | Работна група за подготовка на подзаконски акт (правилник) за квалитет на соодност на број на корисници по лекар/лекарски тим | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.2.2.4** | Усвојување на подзаконски акт (правилникот) | МЗ | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.2.2.5** | Анализа на состојбите за примена на правилникот за простор, опрема и кадар на ЦПТЗД | МЗ | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |

**Очекуван исход 1.2.3:** Достапни и адаптирани програми и протоколи за третман на зависности базирани на стандарди и засновани на докази за потребите на ЛКУД, како и програми за лекување болести на зависност со примена на медицински канабис

| Реден број | Активности | Одговорни институции | Степен на реализација |
|---|---|---|---|
| **1.2.3.1** | Усвојување на подготвената програма и протоколи за третман на зависности за деца | МЗ | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.2.3.2** | Подготовка и усвојување програми и протоколи за третман на нарушувања од употреба на стимуланси | МЗ (работна група), ИЈЗ | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.2.3.3** | Подготовка и усвојување програма и протоколи за третман на зависности за жени | МЗ (работна група), ИЈЗ | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.2.3.4** | Подготовка и усвојување програма и протокол за третман на нарушувања од употреба на канабис | МЗ (работна група), ИЈЗ | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.2.3.5** | Спроведување на континуирана обука на здравствениот кадар кој работи во програмите за примена на адаптираните програми за третман на зависности:<br>– деца<br>– нарушување од употреба на стимуланси<br>– жени<br>– канабис | МЗ, ИЈЗ | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1.2.3.6** | Дополнување и проширување на листата на болести што се лекуваат со канабис за медицинска употреба во 333 и во Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции | МЗ | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.2.3.7** | Подготовка и усвојување програма за едукација на здравствениот кадар за примена на медицинскиот канабис во третман на болестите што се на листата на болести што се лекуваат од канабис | МЗ | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.2.3.8** | Спроведување обука за здравствени работници за примена на медицински канабис (психијатри, онколози, инфектолози, интернисти, педијатри, невролози) | МЗ | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |

**Стратешка цел 1.3:** Програмите за намалување штети се подобрени, одржливи и приспособени кон потребите на корисниците

**Очекувани исходи 1.3.1:** Законската регулатива од областа на здравствената и социјалната заштита ги препознава ПНШ кои се базирани на стандарди и нормативи за квалитет и ГО како даватели на услуги во рамките на ПНШ

| Реден број | Активности | Одговорни институции | Степен на реализација |
|---|---|---|---|
| **1.3.1.1** | Мапирање на граѓанските организации кои спроведуваат ПНШ и процена на нивните капацитети за давање услуги | ГО<br>МЗ<br>МТСП<br>ЦСДЗД | РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.3.1.2** | Формирање на работна група за подготовка на законски измени за препознавање на ГО како даватели на услуги, вклучувајќи и ПНШ | МЗ<br>МП<br>ГО<br>ЦСДЗД | РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.3.1.3** | Подготовка на законски измени за препознавање на ПНШ во согласност со практиките на ЕУ, како и ГО како даватели на услуги | Работна група за измена на 333 | РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.3.1.4** | Усвојување на предложените законски измени | Собрание на РСМ | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.3.1.5** | Јакнење на капацитетите на ГО за давање услуги на ЛКУД | МЗ, МТСП, ГО | РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.3.1.6** | Подготовка на финансиска конструкција за поддршка на ПНШ и услугите што ги даваат ГО на годишно ниво | МЗ<br>МТСП<br>Локална самоуправа<br>Град Скопје<br>ГО | ДЕЛУМНО РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.3.1.7** | Објавување на јавен конкурс за доделување средства на здруженија и приватни даватели на социјални услуги, за давање на социјална услуга согласно Закон за социјална заштита | МТСП | РЕАЛИЗИРАНО |

**Очекуван исход 1.3.2:** Достапни и пристапни ПНШ адаптирани според потребите на ЛКУД

| Реден број | Активности | Одговорни институции | Степен на реализација |
|---|---|---|---|
| **1.3.2.1** | Континуирано спроведување на активностите на постојните 13 програми за намалување штети | ГО<br>МЗ | ДЕЛУМНО РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.3.2.2** | Подготовка и усвојување програма за стари лица | ГО<br>МЗ<br>МТСП<br>ЦСДЗД | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.3.2.3** | Подготовка и усвојување програма за НШ од НПС | ГО<br>МЗ<br>ЦСДЗД | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.3.2.4** | Подготовка и усвојување програми за жени и трансродови личности | ГО<br>МЗ<br>МТСП<br>ЦСДЗД | РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.3.2.5** | Подготовка и усвојување програма за соби за безбедно инјектирање<br>(Врска со точка 2.1.2.1) | ГО<br>МЗ<br>МТСП<br>ЦСДЗД | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.3.2.6** | Подготовка на протоколи за новите програми за НШ за стари лица, НПС, жени и трансродови лица | МЗ<br>ГО | ДЕЛУМНО Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.3.2.7** | Спроведување на континуирани обуки на ГО за спроведување на новите програми за:<br>– стари лица<br>– НПС<br>– жени и трансродови лица<br>– соби за инјектирање | ГО<br>МЗ | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |

**Стратешка цел 1.4:** Подобрен пристап на ЛКУД до социјални услуги на локално ниво

**Очекувани исходи 1.4.1:** Давателите на социјални услуги на локално ниво располагаат со соодветни капацитети за испорака на услугите

| Реден број | Активности | Одговорни институции | Степен на реализација |
|---|---|---|---|
| **1.4.1.1** | Промоција на критериуми и постапки за лиценцирање субјекти за давање услуги на ЛКУД | МТСП | РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.4.1.2** | Организирање средби со ЕЛС за процена и подигнување на интересот за поддршка на даватели на услуги | МТСП<br>Град Скопје<br>ЕЛС | РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.4.1.3** | Јакнење на капацитетите на локални субјекти за давање услуги согласно предвидените критериуми | МТСП<br>ГО на локално ниво | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.4.1.4** | Развивање и примена на систем за следење на резултатите од испораката на социјални услуги на ЕЛС | МТСП | РЕАЛИЗИРАНО |

**Очекуван исход 1.4.2** Развиена мрежа на лиценцирани даватели на услуги на локално ниво

| Реден број | Активности | Одговорни институции | Степен на реализација |
|---|---|---|---|
| **1.4.2.1** | Воспоставување и ажурирање на база на податоци со даватели на услуги | МТСП | РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.4.2.2** | Континуирано лиценцирање и обезбедување на техничка поддршка на даватели на услуги | МТСП | РЕАЛИЗИРАНО |
| **1.4.2.3** | Одржување на регионални и национални координативни средби со даватели на услуги | МТСП<br>Даватели на услуги | ДЕЛУМНО Е РЕАЛИЗИРАНО |

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2:
## НАМАЛУВАЊЕ НА ПОНУДАТА НА ДРОГИ

**Стратешка цел 2.1:** Подобрена примена на законската регулатива од кривичната област што се однесува на санкционирање на сторителите на кривични дела поврзано со недозволена трговија на дроги

**Очекувани исходи 2.1.1:** Законската регулатива обезбедува задолжително спроведување на финансиски истраги кон сторителите на потешки кривични дела од областа на нелегална трговија со дрога

| Реден број | Активности | Одговорни институции | Степен на реализација |
|---|---|---|---|
| **2.1.1.1** | Идентификување на недостатоците на законска регулатива поврзана со ефикасно спроведување на финансиски истраги, постапки за замрзнување и заплена на движен и недвижен имот за кривични дела од областа на НТД | МП<br>МФ<br>Меѓуресорска комисија | ДЕЛУМНО Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **2.1.1.2** | Следење на практичната примена на одредбите за финансиски истраги, замрзнување и заплена на движен и недвижен имот, во постапките поврзани со недозволена трговија со дроги | МВР, МФ – финансиска полиција – преку ОЈО<br>Меѓуресорска комисија | РЕАЛИЗИРАНО |

**Очекуван исход 2.1.2:** Подобрена политика на казнивост и извршување санкции за дела за недозволена трговија со дрога

| Реден број | Активности | Одговорни институции | Степен на реализација |
|---|---|---|---|
| **2.1.2.1** | Подготовка на анализа и препораки за измена и дополнување на член 215 од КЗ (Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги,<br>психотропни супстанции и прекурзори)<br>Подготовка на анализа и препораки за измена и дополнување на член 216 од КЗ | МП – работна група за кривично право | РЕАЛИЗИРАНО |
| **2.1.2.2** | Ревизија на одлуките за избор на казнено-поправни установи, каде што сторителите на кривични дела ги извршуваат своите казни | МП<br>Управа за извршување санкции | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **2.1.2.3** | Мониторинг на имплементација на законски одредби поврзани со недозволена трговија со дроги | ГО, независни експерти, Меѓуресорска комисија | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |

**Стратешка цел 2.2:** Подобрена функционалност на институциите што се задолжени за спречување на нелегална трговија со дрога

**Очекувани исходи 2.2.1:** Зајакнати материјално-технички капацитети во согласност со потребите и современите трендови за спречување на нелегална трговија со дрога

| Реден број | Активности | Одговорни институции | Степен на реализација |
|---|---|---|---|
| **2.2.1.1** | Процена за набавка на потребна техничка опрема, возила и други средства неопходни за работа во МВР и Царинска управа | МВР, Царинска управа | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **2.2.1.2** | Набавка на возила, техничка опрема, брзи тестови | МВР, Царинска управа | РЕАЛИЗИРАНО |
| **2.2.1.3** | Набавка на фиберскопи и бустери | МВР, Царинска управа | РЕАЛИЗИРАНО |
| **2.2.1.4** | Инсталирање скенери на одредени гранични премини согласно процената и потребите | Царинска управа | РЕАЛИЗИРАНО |

**Очекуван исход 2.2.2:** Зајакнати кадровски капацитети согласно потребите и систематизацијата на работни позиции и места

| Реден број | Активности | Одговорни институции | Степен на реализација |
|---|---|---|---|
| **2.2.2.1** | Спроведување анализа на потреби за јакнење капацитети на постојниот кадар задолжен за НТД согласно систематизацијата | МВР, Царинска управа, Финансиска полиција | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **2.2.2.2** | Подготовка на програма за јакнење капацитети | МВР, Царинска управа | РЕАЛИЗИРАНО |
| **2.2.2.3** | Организирање обуки и работилници за поефикасно детектирање на НТ со дроги со фокус на граничните премини | МВР, Царинска управа | РЕАЛИЗИРАНО |
| **2.2.2.4** | Спроведување процес на менторство помеѓу кадар задолжен за НТД | МВР, Царинска управа, Финансиска полиција | РЕАЛИЗИРАНО |

**Стратешка цел 2.3:** Подобрени практики на комуникација и размена на информации меѓу институциите задолжени за спречување на недозволена трговија со дрога

**Очекувани исходи 2.3.1**: Актуелните прописи обезбедуваат системска комуникација и координација за разменување информации помеѓу институциите задолжени за спречување на недозволена трговија со дрога

| Реден број | Активности | Одговорни институции | Степен на реализација |
|---|---|---|---|
| **2.3.1.1** | Усогласување со европската регулатива во однос на обезбедување на меѓусекторска комуникација (интероперабилност) | МП, МИОА, СЕП, МВР, Царинска управа, Финансиска полиција, ОЈО | ДЕЛУМНО Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **2.3.1.2** | Воспоставување на разузнавачки и истражни тимови од меѓународен карактер преку континуирано учество во регионалните и меѓународните платформи за размена на податоци и информации преку активни и ефикасни мрежи и офицери за врска (INTER-POL, EUROPOL, SELEC, DEA и др.) | МВР, Царинска управа, Финансиска полиција, ОЈО | РЕАЛИЗИРАНО |
| **2.3.1.3** | Воспоставување механизам за размена на разузнавачки информации на регионално и меѓународно ниво | МВР, Царинска управа, Финансиска полиција, ОЈО | ДЕЛУМНО Е РЕАЛИЗИРАНО |

**Очекуван исход 2.3.2**: Воспоставена заедничка база на податоци во институциите задолжени за спречување на нелегална трговија со дрога

| Реден број | Активности | Одговорни институции | Степен на реализација |
|---|---|---|---|
| **2.3.2.1** | Воспоставување и примена на систем за брза размена на информации помеѓу институции во однос на сомнителни нарачки и можни нелегални трансакции со цел спречување и откривање на нелегален транспорт на дроги, прекурзори и психотропни супстанции | МВР, Царинска управа, Финансиска полиција, ОЈО | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |

**Очекуван исход 2.3.3:** Функционални механизми за континуирана примена на правилници и протоколи за координација во секојдневното работење

| Реден број | Активности | Одговорни институции | Степен на реализација |
|---|---|---|---|
| **2.3.3.1** | Формирање на мултисекторски тим за размена на информации за поефикасна борба со недозволената трговија со дроги | ОЈО, МВР, Царинска управа, Финансиска полиција | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **2.3.3.2** | Одржување на редовна координација преку директни состаноци, обезбедувајќи тајност и доверливост | ОЈО, МВР, Царинска управа, Финансиска полиција | РЕАЛИЗИРАНО |

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3:
## ПОНАТАМОШЕН РАЗВОЈ НА КАПАЦИТЕТИТЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КООРДИНАЦИЈАТА И КОМУНИКАЦИЈАТА ПОМЕЃУ НАДЛЕЖНИТЕ ИНСТИТУЦИИ СОГЛАСНО ДОБРИТЕ ПРАКТИКИ И СТАНДАРДИТЕ

**Стратешка цел 3.1:** Зајакната функционалност на системот за управување со политиките за дроги

**Очекувани исходи 3.1.1**: Меѓуресорската комисија утврдува и застапува препораки базирани врз истражувања и докази до донесувачите на одлуки

| Реден број | Активности | Одговорни институции | Степен на реализација |
|---|---|---|---|
| **3.1.1.1** | Подготвување план за организирање средби и настани за утврдување потреби за изменување и дополнување на законската регулатива | Меѓуресорска комисија, ИЈЗ | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **3.1.1.2** | Процена на потребни законски измени и дополнувања во согласност со консултациите и редовната работа | Меѓуресорска комисија, ИЈЗ | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **3.1.1.3** | Подготовка и усвојување план за застапување на предлог-препораките за законски измени | Меѓуресорска комисија, ИЈЗ | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **3.1.1.4** | Подготовка и достава на анализи и заклучоци за измени на законска регулатива до релевантни институции | Меѓуресорска комисија, ИЈЗ | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **3.1.1.5** | Усвојување на предложените законски измени | Собрание | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |

**Очекуван исход 3.1.2:** Подобрена кадровска екипираност, знаења и вештини за примена на политиките за дроги на Центарот за следење на дрога и зависности од дрога во рамките на Секторот за хемикалии и контролирани супстанции при МЗ, како и во надлежните институции во областа на дроги

| Реден број | Активности | Одговорни институции | Степен на реализација |
|---|---|---|---|
| **3.1.2.1** | Процена на потребите за нови вработувања во ЦСДЗД | Министерство за здравство | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **3.1.2.2** | Процена на потребата за градење капацитети кај постојниот кадар | Министерство за здравство | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **3.1.2.3** | Подготовка на програма за обуки, како и стручни материјали (прирачници и упатства) | Работна група формирана од министерот за здравство | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **3.1.2.4** | Вградување на програмата за обука во годишните програми на релевантните институции | Министерството за здравство и сите институции што се вклучени во меѓуресорската комисија и дејствуваат на проблематиката со дроги | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **3.2.1.5** | Спроведување на континуирана обука на постојан и нов кадар во клучните институции | Министерството за здравство и сите институции што се вклучени во меѓуресорската комисија и дејствуваат на проблематиката со дроги | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |

**Очекуван исход 3.1.3:** Воведени функционални механизми за следење на спроведувањето на стратегијата и акциските планови

| Реден број | Активности | Одговорни институции | Степен на реализација |
|---|---|---|---|
| **3.1.3.1** | Подготовка и усвојување систем за следење и евалуација на реализацијата на стратегијата со изготвување образец за известување од страна на надлежните институции | Министерство за здравство, ЦСДЗД, ИЈЗ | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **3.1.3.2** | Прибирање податоци за спроведување на стратегијата и Акцискиот план за спроведување на стратегијата за дроги | Министерство за здравство, ЦСДЗД, ИЈЗ | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **3.1.3.3** | Подготовка на годишни извештаи за реализација на стратегијата и акциските планови | Сите клучни институции | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **3.1.3.4** | Спроведување на надворешна процесна евалуација за ефектите од Стратегијата за дроги | ЦСДЗД<br>и сите клучни институции | ДЕЛУМНО Е РЕАЛИЗИРАНО |

**Стратешка цел 3.2:** Подобрен квалитет на системот за известување до релевантните национални и меѓународни институции и јавноста

**Очекувани исходи 3.2.1:** Воспоставен функционален систем за известување кон ЕМЦДДА и релевантните меѓународни институции базиран на релевантни информации и податоци и усогласен со стандардите за известување

| Реден број | Активности | Одговорни институции | Степен на реализација |
|---|---|---|---|
| **3.2.1.1** | Развивање на стандардизирана форма на годишно известување до ЕМЦДДА | МЗ<br>Меѓуресорска комисија, ЦСДЗД | РЕАЛИЗИРАНО |
| **3.2.1.2** | Подготовка на регистар за болести на зависности | МЗ, Управа за електронско здравство, ИЈЗ, ЦСДЗД | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **3.2.1.3** | Прибирање и анализа на податоци за потребите на меѓународни студии и национални истражувања (ЕСПАД и др., студии, национални процени, истражувања) | ИЈЗ, ЦСДЗД, Меѓународни институции | РЕАЛИЗИРАНО |
| **3.2.1.4** | Подготовка и дисеминација на национален извештај за дроги до меѓународни релевантни субјекти | ЦСДЗД | РЕАЛИЗИРАНО |

**Очекуван исход 3.2.2:** Достапни ажурирани и релевантни информации за проблематиката и политиките на дроги на национално ниво

| Реден број | Активности | Одговорни институции | Степен на реализација |
|---|---|---|---|
| **3.2.2.1** | Креирање интернет-страница со лесно достапни податоци од областа на дроги и нејзино редовно ажурирање | МЗ<br>ЦСДЗД | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **3.2.2.2** | Развивање на сумарни извештаи и инфографици за ефикасна презентација на податоци | МЗ<br>ИЈЗ<br>ГО<br>ЦСДЗД | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **3.2.2.3** | Организирање на јавни настани за промоција на извештаи за дроги на национално ниво | МЗ, сите клучни институции | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |

**Стратешка цел 3.3:** Зголемени финансиски ресурси за спроведување на политиките и програмите за дроги

**Очекувани исходи 3.3.1:** Зајакната соработка на институциите и граѓанскиот сектор и координиран пристап при прибирање фондови

| Реден број | Активности | Одговорни институции | Степен на реализација |
|---|---|---|---|
| **3.3.1.1** | Организирање на работни средби за подготовка на план за прибирање на финансиски средства од донатори | Меѓуресорска комисија со другите засегнати институции | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **3.3.1.2** | Организирање состаноци со донатори за претставување на стратегијата и акциските планови | Меѓуресорска комисија со другите засегнати институции | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **3.3.1.3** | Подготовка на заеднички предлог-проекти поврзани со Стратегијата за дроги | Меѓуресорска комисија со другите засегнати институции, ГО | ДЕЛУМНО Е РЕАЛИЗИРАНО |

**Очекуван исход 3.3.2:** Зголемена можности за пристап до фондови од меѓународни организации, јавниот буџет на локално ниво, приватниот сектор и индивидуалци

| Реден број | Активности | Одговорни институции | Степен на реализација |
|---|---|---|---|
| **3.3.2.1** | Подготовка на план за обезбедување средства во буџетот на ЕЛС | ЦСДЗД во соработка со Град Скопје, ГО и други ЕЛС | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **3.3.2.2** | Формирање тим за прибирање средства од ЕЛС | ЦСДЗД во соработка со Град Скопје, ГО и други ЕЛС | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **3.3.2.3** | Одржување на јавни настани на локално ниво (донаторски саеми, хуманитарни акции, концерти...) | АМС, ГО, Град Скопје, МОН, МЗ | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |
| **3.3.2.4** | Подготовка на план за обезбедување средства од донатори (ЕУ, ОН, УНОДЦ, СЗО, УНИЦЕФ) | Меѓуресорската комисија | НЕ Е РЕАЛИЗИРАНО |

# АНЕКС 2
# Листа на направени интервјуа

**Претставници на  Институција/организација**

- Меѓуресорска комисија за droги
- Министерство за здравство
- Министерство за труд и социјална политика
- Министерство за внатрешни работи
- Министерство за шумарство, земјоделство и водостопанство
- Министерство за правда
- Царинска Управа на РСМ
- Центар за превенција и третман на зависности од дроги Кисела Вода, Скопје
- Институт за јавно здравје
- Избор Струмица
- Младински клуб Штип
- ХОПС – Опции за здрав живот Скопје

# АНЕКС 3
# Листа на здруженија на граѓани присутни на фокус група

- Избор Струмица
- ХОПС – Опции за здрав живот Скопје
- Зона Кавадарци
- Младински Клуб Штип
- Коалиција Маргини
- Опција Охрид
- ХЕЛП Гостивар

www.hops.org.mk